Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и петтата  седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2021 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записник од 120-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2021 година
- Усвојување на Записник од 122-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 ноември 2021 година
- Усвојување на Записник од 123-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2021 година
- Усвојување на Записник од 124-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 декември 2021 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за доставување на ИПА III стратешкиот одговор 2021-2027 и Акциските документи за 2022 до Европска комисија**

- **Агенда за дигитална трансформација**
  - Информација за степенот на дигиталната транформација, клучни институции за дигиталната трансформација, пречки за дигиталната трансформација и следни чекори, со табеларен преглед

1. Барање за давање на трајно користење на објект сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Информација на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје со податоци за формално-правниот статус на наведениот објект

2. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со трансформација на заем во влогови преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности - Кочани ДП 03-249/20

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (арх.бр. 03-436/1 КП бр.511 КО Ростуше)

5. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

6. Предлог-уредба за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (AVIATION SECURITY)*

7. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за 2021 година, со Предлог-одлука

8. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и шумско-полициски станици за грејна сезона 2021/2022 година, со Предлог-одлука

9. Информација за донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

10. Предлог-уредба за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење*

11. Предлог-уредба за организацијата и користењето на воздушниот простор*

12. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година

13. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година, со Предлог-одлука

14. Статут на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, со Предлог-одлука за давање на согласност на Статутот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви

15. Информација за поставување/изградба на 15 фитнес зони на територија на Република Северна Македонија

16. Информација за проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта на територијата на Република Северна Македонија

17. Предлог на закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 2x110kv далекувод со пресекување на постоечкиот 110kv далекувод ТС Ресен-ТС Охрид од новопланирана 400/110kv-Општина Дебрца до м.в. Чешо Глава-Општина Охрид, со Предлог-одлука

19. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-гранит на локалитетот „Билбил Камен“, Општина Битола

20. Предлог-одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-заштитен предел

21. Предлог на закон за ратификација на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување

22. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Регулативата (ЕУ) 2021/1005 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

23. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18

24. Информација за подготовка на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 16 декември 2021 година

25. Информација за изготвена Стратегија за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030 година и Стратегијата за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030 година, со Акциски план

26. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Молекуларна биологија“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

27. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Биохемија и Физиологија“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

28. Иницијатива поднесена од Лила Лазевска од Скопје, преку адвокат Благоја Пандовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.107/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 ставови (3) и (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021)

29. Иницијатива поднесена од адвокатите Христијан Георгиевски и Христина Георгиевска од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 38 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20)

30. Понуда од нотар Маја Колева од Кратово за купување на 50/130 идеален дел од недвижен имот-објект кој се наоѓа на КП бр.1073, КО Кратово со Имотен лист бр.4667, адреса (улица и куќен број на зграда) Јосиф Даскалов бр.23/1

31. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со која се нуди право на првенствено купување на градежно земјиште кое претставува 213/487 идеален дел од КП бр.5005, КО Сингелиќ, запишано во Имотен лист бр.2520

32. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5238 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.5788, Викано место/улица В.Ѓуровиќ 59, со дополнување

33. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на идеален дел од недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 3935 за КО Варош, КП бр.5735, викано место/улица Точила

34. Понуда од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3597 за КО Свети Николе-вонград, на КП бр.1155, Викано место/улица Длги Рид

35. Понуда од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53784, за КО Струмица, КП бр. 2514/1, викано место/улица Б.Минкови

36. Понуда од нотар Симон Зафировски од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 808/910 идеален дел од КП бр.2958/1, КО Глува Бразда, викано место/улица Железно, со Имотен лист бр.2917

37. Понуда од нотар Димитар Петров од Кочани, за продажба на идеален дел од недвижен имот, КП бр.1197, запишан во Имотен лист бр.957, за КО Полаки, КП бр.1212, запишан во Имотен лист бр.960, за КО Полаки, КП бр.1054, запишан во Имотен лист бр.958, за КО Полаки и КП бр.1065, запишан во Имотен лист бр.959, за КО Полаки, сите на викано место/улица с.Полаки

38. Понуда од нотар Татјана Адамоска-Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58580, за КО Прилеп, на КП бр. 20576/1, Викано место/улица М.Пијаде

39. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96083 за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев, КП бр.13525

40. Кадровски прашања

41. Прашања и предлози

42. Информација за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година за период од 1 јуни 2020 до 1 август 2021 година

43. Акциски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата (Сметка за редовно работење)

44. Информација за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2021“, за период од 20 април 2021 година до 30 септември 2021 година

45. Информација за изготвување на проценка/анализа на влијанието на регулативата за заштитата на личните податоци во однос на обработката на личните податоци на субјектите на лични податоци преку видео и аудио запис

при преземање на службени дејствија од страна на царинските службеници согласно Законот за Царинската управа и даночните инспектори и даночните контролори согласно Законот за Управата за јавни приходи

46. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година

47. Информација за измена на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2021 година

48.Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година

49. Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2020 година и ИПАРД Програмата

50. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2021 година

51. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со Ревизијата на усогласеност за 2019 година во Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле-Скопје

52. Информација за постапката за денационализација на објектите кои се во состав на Споменичката целина Стара скопска чаршија

53. Информација за тековно работење во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање за финансиска помош

54. Информација за потреба од итна еднократна финансиска помош за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје

55. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“-Кратово

56. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги АТА-Фарм груп увоз-извоз ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

57. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Пјурели плант ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

58. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија Еуро канн увоз-извоз ДОО Демир Хисар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

59. Предлог-програма за финансирање на микро земјоделски производители на вино за 2021 година

60. Информација во врска со потребата од доделување на станови во објект во Струмица на ул.Ѓорѓи Василев бр.44, изграден согласно Одлука за распределба на социјални станови, услови за нивно користење и критериуми за распределба на социјалните станови изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија

61. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година

62. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за намалување на увозните давачки-царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи

63. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (на Друштво за производство, трговија и услуги Ринуабл пауер интернатионал ДООЕЛ Скопје)

64. Информација во врска со Барањето за издвојување на средства од Ковид програмата за поддршката на компании во имплементација на современи дигитални софтверски решенија, со цел реализирање на заедничка акција на јавниот и приватниот сектор

65. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

66. Информација за статусот на активностите поврзани со инсталацијата на ставката 27 Оптички кабел (27. Fiber Cable) предмет на Договорот бр.12-6069/1 ,,Набавка на опрема за имплементација на Системот за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работата и модернизација на ИТ инфраструктурата во седиштето на Министерството за внатрешни работи-Лот 1, финансиран во рамките на ИПА, ТАИБ 2014 година

67. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (на Друштво за производство, трговија и услуги ХЕК Солар МК ДООЕЛ Скопје)

68. Информација за отпочнување постапка за експропријација на површината што ја зафаќа акумулацијата (водно огледало) на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 ноември 2021 година, Записникот од Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана

на 30 ноември 2021 година, Записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2021 година и Записникот од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 декември 2021 година.

*

* *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за доставување на ИПА III стратешкиот одговор 2021-2027 и Акциските документи за 2022 до Европска комисија**

Владата не расправаше по Барањето за изменување на Информација и заклучоци донесени на 119-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2021 година, по Информацијата за доставување на ИПА III стратешкиот одговор 2021-2027 и Акциските документи за 2022 до Европска комисија, доставено од Министерството за финансии, со оглед дека истото е надминато.

- **Агенда за дигитална трансформација**

- Информација за степенот на дигиталната транформација, клучни институции за дигиталната трансформација, пречки за дигиталната трансформација и следни чекори, со табеларен преглед

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на дигиталната транформација, клучни институции за дигиталната трансформација, пречки за дигиталната трансформација и следни чекори, со табеларен преглед и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Централниот регистар на Република Северна Македонија, а им се укажува/препорачува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за катастарот на недвижности, Управата за јавни приходи, Управата за водење на матични книги, во рок не подоцна од 14 дена да ги информираат Кабинетот на заменикот на претседателот на владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, за одржлив развој и човечки ресурси и Министерството за информатичко општество и администрација за планот за дигитализација во институцијата за 2022 година, можни пречки и решенија што ги предлага.

2. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците, Министерството за надворешни работи,

Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Централниот регистар на Република Северна Македонија, а им се укажува/препорачува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за катастарот на недвижности, Управата за јавни приходи, Управата за водење на матични книги, квартално (во март, јуни, септември и декември 2022 година) да ги информираат Кабинетот на заменикот на претседателот на владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, за одржлив развој и човечки ресурси и Министерството за информатичко општество и администрација за реализација на планот за дигитализација во институцијата.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на трајно користење на објект сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Информација на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје со податоци за формално-правниот статус на наведениот објект.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со трансформација на заем во влогови преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје, со трансформација на заем во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на единствениот акционер на Друштвото Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена да склучи договор за трансформација на заем во влог во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во постапка на зголемување на основната главнина на Друштвото.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности-Кочани ДП 03-249/20, за наредната седница на Владата, поради потребата Општина Делчево да приложи соодветен доказ предвиден согласно

материјалните одредби од член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), односно известување дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, врз основа на што Министерството за транспорт и врски ќе достави соодветно мислење.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (арх.бр. 03-436/1 КП бр.511  КО Ростуше), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (AVIATION SECURITY)* и ја донесе Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (AVIATION SECURITY)*, усогласена со Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за 2021 година, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и шумско-полициски станици за грејна сезона 2021/2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе одлуките за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, со заклучок истите да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 10

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење* и ја донесе Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење*, усогласена со Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на европската унија со кореспондентна табела.

## Точка 11

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор* и ја донесе Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор*, усогласена со Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела.

## Точка 12

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година, со Предлог-одлука поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот согласно укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 14

Владата го разгледа најновиот текст на Статутот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Статутот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за поставување/изградба на 15 фитнес зони на територија на Република Северна Македонија и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка на јавна набавка за избор на економски оператор за поставување/ изградба на фитнес зони во следниве општини: Ѓорче Петров (касарна), Струмица, Струга, Крушево, Сарај, Валандово, Крива Паланка, Чаир, Карпош (студентски), Арачиново, Шуто Оризари, Пробиштип, Чашка, Кичево, Град Скопје-Центар (Водно).

2. За поставување/изградба на 15 фитнес зони се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 45.000.000,00 денари со следниот начин и динамика на плаќање:

- 2021 година 500.000,00 денари
- 2022 година 30.000.000,00 денари
- 2023 година 14.500.000,00 денари

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт средствата во висина од 30.000.000,00 денари за 2022 година и средствата во висина од 14.500.000,00 денари за 2023 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2022 и 2023 година, а Министерство за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за 2022 и 2023 година.

4. Се препорачува на општините Ѓорче Петров (касарна), Струмица, Струга, Крушево, Сарај, Валандово, Крива Паланка, Чаир, Карпош (студентски), Арачиново, Шуто Оризари, Пробиштип, Чашка, Кичево, Град Скопје-Центар (Водно), да ја обезбедат потребната документација за отпочнување со поставување/изградба на фитнес зона, согласно Законот за градење.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта на територијата на Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка на јавна набавка за избор на економски оператор за проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта на територија на Република Северна Македонија, во следниве општини: (Ѓорче Петров-Касарна), Дебар, Богданци, Гевгелија (Миравци), Берово, Теарце, Чучер Сандево, Боговиње, Крива Паланка.

2. За проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 25.000.000,00 денари со следниот начин и динамика на плаќање:

- 2021 година     500.000,00 денари,
- 2022 година     15.000.000,00 денари,
- 2023 година     9.500.000,00 денари.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт средствата во висина од 15.000.000,00 денари за 2022 година и средствата во висина од 9.500.000,00 денари за 2023 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2022 и 2023 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за 2022 и 2023 година.

4. Се препорачува на општините Ѓорче Петров, Дебар, Богданци, Гевгелија, Берово, Теарце, Чучер Сандево, Боговиње и Крива Паланка да ја обезбедат потребната документација за отпочнување со проектирање и изведба на повеќенаменски игралишта, согласно Законот за градење.

**Точка 17**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и Секретаријатот за законодавство.

Усогласениот текст на Предлогот на закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 2x110kv далекувод со пресекување на постоечкиот 110kv далекувод ТС Ресен-ТС Охрид од новопланирана 400/110kv-Општина Дебрца до м.в. Чешо Глава-Општина Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 2x110kv далекувод со пресекување на постоечкиот 110kv далекувод ТС Ресен-ТС Охрид од новопланирана 400/110kv-Општина Дебрца до м.в. Чешо Глава-Општина Охрид, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-гранит на локалитетот „Билбил Камен“, Општина Битола и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на Одлуката, како и Образложението да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 20**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V-заштитен предел, поради потребата од дополнително усогласување.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 21**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за ратификација на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Регулативата (ЕУ) 2021/1005 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантката од предметот М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18 ќе ѝ исплати вкупен износ од 3.400 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантката во предметот пред Европскиот суд за човекови права М.Д. против Северна Македонија А.бр.46504/18, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на Предметот.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 16 декември 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Ардиана Абази-Рамадани, државен советник во Министерството за економија за копретседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Министерството за здравство до Секретаријатот за европски прашања да достави предлог-план на активности за подготовка на постапката за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи со временска рамка за имплементација најдоцна до 14 декември 2021 година и истиот да го презентира на состанокот на Поткомитетот.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик веднаш.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изготвена Стратегија за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030 година и Стратегијата за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030 година, со Акциски план и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за изготвената Стратегија за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030 година.

2. Ја усвои Стратегијата за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030 година, со Акциски план 2021-2030 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Молекуларна биологија“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Молекуларна биологија“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Биохемија и Физиологија“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Биохемија и Физиологија“ на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Лила Лазевска од Скопје, преку адвокат Благоја Пандовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.107/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 ставови (3) и (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги поништи како неуставни одредбите од член 3 став (3) и (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) поради, како што наведува подносителот, се креира нејасна правна ситуација кога се работи за правно лице-сопственик на недвижен имот кое правно лице е во стечај и неговиот имот се води како стечајна маса во стечајна постапка.

Според подносителот, оспорениот член не е во согласност со член 8 став (1) алинеи 3 и 6 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наведеното во Иницијативата се укажува дека со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр.61/04... и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), се уредува начинот на оданочувањето на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

Со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, се менува член 6 од основниот текст на Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) и со истиот се уредуваат даночните стапки по кои се наплатува данокот на имот и тоа на начин што:

(1) Стапките на данокот на имот... се пропорционални и изнесуваат од 0,10% до 0,20%.

(2) Стапките на данокот на имот можат да се утврдуваат според видот на имотот.
(3) Стапките на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство се зголемуваат три пати во однос на стапките пропишани во ставот (1) на овој член.

(4) Стапките на данокот на имот за другиот недвижен имот опишан во членот 2 став (1) точка 1 од овој закон кој е во сопственост на државата или на општините, општините во Градот Скопје и на Градот Скопје како и во сопственост на физички и правни лица, а кој не се користи од сопственикот или не се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година, се зголемуваат за три пати во однос на стапките пропишани во ставот (1) на овој член.

(5) Државата, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, како и физичките и правни лица кои нема да пријават дека не користат недвижен имот кој е во нивна сопственост, ќе платат данок по стапка пет пати повисока од пропишаните стапки во ставот (1) на овој член.

(6) Висината на стапките од ставот (1) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на Градот Скопје согласно со Законот за Градот Скопје.

Според член 8 став (1) алинеи 3 и 6 од Уставот на Република Северна Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија ги уредува: владеењето на правото и правната заштита на сопственоста.

Со членот 51 се уредува дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Во контекст на наводите на подносителот кои се однесуваат на владеењето на правото во Република Северна Македонија се укажува на тоа дека истата е прецизирана како

основно начело и темелна вредност во Уставот на Република Северна Македонија, а со тоа и самиот Законот за даноците на имот од своето објавување, па до денес е донесен во потполна усогласеност со Уставот на Република Северна Македонија, како и на тоа дека со донесување на Законот за даноците на имот создаден е механизам кој има за примарна цел да ја подобри фискална дисциплина на даночните обврзници и општините и општинската администрација кои се инволвирани во процесот на децентрализација на власта. Следствено на ова, повеќе од јасно е дека даноците на имот претставуваат сопствен извор на приходи на единиците на локалната самоуправа согласно член 4 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04....и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19). Ова влијае во насока на спречување на избегнување на плаќањето на даноците на имот во сиот свој опфат, а во заштита на граѓаните, односно, сите физички и правни лица кои редовно ги плаќаат своите давачки и навремено ги исполнуваат своите даночни обврски, следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко.

Имено, во Иницијативата, подносителот посочува дека спорната одредба од Законот за даноците на имот создава „небулозна“ правна ситуација во случај кога правно лице, сопственик на недвижен имот е правно лице во стечај и неговиот имот се води како стечајна маса во стечајната постапка.

Меѓутоа, согласно со природата на наводите на подносителот, како и релевантниот закон кој ја уредува стечајната постапка и целокупната материја поврзана со истата, потребно е да се имаат предвид и одредбите на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија бр. 34/06.....192/15). Согласно член 1 од Законот за стечај, се уредуваат целите и условите за отворање на стечајната постапка; органите на стечајната постапка; управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса; намирувањето на побарувањата на доверителите во стечајната постапка; правните последици од отворањето на стечајната постапка; планот за реорганизација; личното управување; ослободувањето од другите обврски; посебните видови стечајни постапки за поединци со статус на трговец; стечајни постапки со странски елемент и други прашања во врска со стечајот.

Во контекст на член 1, упатуваме и на условите за отворање стечајна постапка уредени во член 5 од Законот за стечај според кој:

(1) Стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање.

(2) Ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член нема да се применуваат ако должникот во текот на претходната постапка ги исплатил сите побарувања кои требало врз основа на важечки основи за наплата да ги исплати од сите негови сметки, или ако дојде до преземање на долг. Намирената обврска должникот може да ја докаже само со јавна исправа или со потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар).

(4) Постоењето на околностите од ставовите (2) и (3) на овој член за тоа дека должникот е неспособен за плаќање се докажува со потврда издадена од Централниот регистар. Централниот регистар е должен без одлагање на предлагачот, на негово барање, да му

издаде таква потврда, во спротивно одговара за штета што доверителот поради тоа би можел да ја претрпи.

(5) Идна неспособност за плаќање постои ако должникот направи веројатно дека своите постоечки парични обврски нема да може да ги исполни по нивното пристигнување.

Во врска со цитираните одредби од Законот за стечај нагласуваме дека во конкретниот случај примарен е фактот дека Законот за даноците на имот е закон кој уредува исклучиво даночна материја и не навлегува во начинот, условите и текот на судска постапка, како што е стечајната постапка и постапката за ликвидација на правното лице, ниту навлегува во интенцијата на правното лице и причините кои довеле до отворање на стечајна постапка, со оглед на тоа што во предметната Иницијатива за оцена на уставноста, подносителот констатира дека „во стечајната постапка, правното лице се соочува со неможност за користење на имотот, а не со свесен избор“.

Единствено прашање кое е уредено во Законот за даноците на имот, а е поврзано со правниот институт „стечај“ се одредбите од предметниот Закон кои се однесуваат на даночниот обврзник на данокот на промет член 20 став (6), даночната основа на данокот на промет член 21 став (5) и ослободувањето од обврската за плаќање на данок на промет на недвижност член 25 став (1) точка 7) во случај кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на државни органи заради наплата на побарувања во стечајни и извршни постапки.

Дополнително, во контекст на стечајот, стечајната постапка и правните лица во стечај, напоменуваме дека додека едно правно лице не се ликвидира и/или избрише од Централниот регистар, тоа фигурира и е активно во правниот промет, па со тоа не се иззема од обврската за плаќање на годишен данок на имот. Во крајна линија истото може да се заведе како долг.

Од друга страна, оспорениот член 3 и ставовите (3) и (4) ги регулираат ситуациите кога земјоделското земјиште не се користи за земјоделско производство, односно недвижниот имот не се користи од страна на сопственикот подолго од шест месеци во текот на една година.

Притоа, самата одредба во никој случај, очигледно, не забранува користење на недвижниот имот на правното лице за кое е отворена и се води стечајна постапка, ниту недвижниот имот кој е дел од стечајната маса.

Законот за стечај уредува евентуална забрана за располагање со имотот кој е предмет на стечајната маса и стечајната постапка и тоа како можна мерка за обезбедување, со можност истата да биде ограничена, а не општа. Повторно, ова не се коси со правото недвижниот имот да се користи од страна на сопственикот, се додека се почитуваат начелата, правата, обврските и одговорноста на секој засегнат субјект на стечајната постапка, а согласно одредбите од Законот за стечај.

Како пример на горенаведеното, може да се земе состојба кога земјоделско земјиште кое се користи за производство, како и придобивките од истото сепак влегуваат во стечајната маса, согласно член 74 од Законот за стечај:

(1) Стечајната маса го опфаќа целокупниот имот на должникот на денот на отворањето на стечајната постапка, како и имотот што тој ќе го стекне во текот на стечајната постапка.

(2) Стечајната маса служи за намирување на трошоците на стечајната постапка, како и за намирување на доверителите на стечајниот должник, односно на побарувањата чие намирување е обезбедено со одредени права врз имотот на должникот.

Од друга страна, ова оди во насока и на член 33 од Уставот на Република Северна Македонија дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Согласно горенаведеното, потенцираме дека Законот за даноците на имот, нема интенција на вршење на дискриминација, по ниту еден основ наведен во Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за даноците на имот нема интенција ниту цел да причинува „огромна штета на правното лице над чиј имот се спроведува стечајна постапка“, ниту да служи како „инструмент за служење на државна полза и државна бенефиција преку категоријата приватна сопственост“, доколку се има предвид природата на уставната обврска да се плаќа данок, согласно член 33 од Уставот на Република Северна Македонија дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Плаќањето на данокот на имот, согласно Законот за даноците на имот, како што е истакнато и погоре, ја уредува даночна област, а и воедно изворниот, сопствен, приход на единиците на локалната самоуправа, утврдено и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, па така сето ова е во насока на почитување на член 114 од Уставот на Република Северна Македонија со кој на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а истите се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Одредбата која го прецизира начинот на плаќањето на овој вид на данок, даночните стапки и даночната обврска, дополнително и одат во насока на почитување на владеењето на правото и заштита на сопственоста, ако се има предвид и основата на самиот закон кој е и самата сопственост.

Врз основа на ваква правна и фактичка состојба, потполно е јасно дека Законот за даноците на имот, не ја оспорува еднаквоста на граѓаните, владеењето на правото, основните човекови права, сопственоста, ниту хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Според сето горенаведено, јасна е оправданоста за постоење на одредбите од член 3 ставовите (3) и (4) на Законот за дополнување на Законот за даноците на имот, па се укажува дека Законот за даноците на имот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое предметната Иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

## **Точка 29**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатите Христијан Георгиевски и Христина Георгиевска од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 38 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16,

163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 38 став (3) од Законот за заштита на децата поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија во која се наведува дека ,,оваа законска одредба е во спротивност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 1, 3, 4 и 11, член 9, член 14, член 34, член 35, член 40, член 41, член 42, член 50 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија", се неиздржани и неосновани во целост.

Посочената одредба не е во несогласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Со оспорената одредба од членот 38 став (3) од Законот за заштита на децата согласно кој ,,правото на родителски додаток за дете се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година" не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на државата и тоа: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста од членовите: 8 став 1 алинеи 1, 3, 4 и 11; 9; 14; 34; 35; 40; 41; 42; 50 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи право на доносителот на Законот е да утврди услови и постапка за остварување и користење на правото. Оттаму, токму условите, постапката и обемот на правата се уредуваат со закон. Во таа насока, со Законот за заштита на децата се уредува обезбедувањето на правата од заштитата на децата, условите и постапката за нивното остварување. Притоа, правата од заштитата на децата под услови утврдени со овој закон ги обезбедува државата, а поголем обем на правата може да обезбеди општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Од одредбата на горенаведениот закон произлегува дека правото можат да го остваруваат и користат граѓани кои се во социјален ризик, односно семејства кои имаат ниски приходи.

Пред влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019), ова право го остваруваа и семејства кои не се социјално загрозени, бидејќи истото не беше условено со материјален цензус. Семејство со високи материјални приходи и добра економска состојба и семејство без никаков приход можеа да го остварат ова право.

Имајќи ја предвид темелната анализа за наталитетот на државата во подолг временски период согласно податоците од Државниот завод за статистика, која покажува намален тренд, презмените мерки во изминатиот период од десетина години не го дадоа очекуваниот резултат со ваквиот начин на остварување на правото на родителски додаток за дете. Имено, со бројот на корисници на правото, се зголемија и трошоците на државата, а целта заради која истото се воведе не беше постигната.

Од таа причина со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019), се изврши праведно насочување на средствата и нивна редистрибуција со воведување и на правото на еднократна парична помош и за второ новородено дете во висина од 20.000,00 денари, продолжување на користење на стекнатото право, како и продолжување на остварување/користење на правото на родителски додаток за дете,

за семејство кое е материјално необезбедено. На овој начин се овозможи паричните средства да бидат наменети кон оние граѓани на кои им се најмногу потребни, односно се овозможи поправично остварување на правото на родителски додаток за дете (за трето дете) во зависност од материјалната состојба на семејството, бидејќи целта на социјалната политика е поддршка и заштита на социјално загрозените семејства.

Од наведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека предметната Иницијативата е неоснована, а оспорената одредба од Законот за заштита на децата не е во несогласност со член 8 став 1 алинеи 1, 3, 4 и 11, член 9, член 14, член 34, член 35, член 40, член 41, член 42, член 50 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маја Колева од Кратово за купување на 50/130 идеален дел од недвижен имот-објект кој се наоѓа на КП бр.1073, КО Кратово со Имотен лист бр.4667, адреса (улица и куќен број на зграда) Јосиф Даскалов бр.23/1 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со која се нуди право на првенствено купување на градежно земјиште кое претставува 213/487 идеален дел од КП бр.5005, КО Сингелиќ , запишано во Имотен лист бр.2520 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5238 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.5788, Викано место/улица В.Ѓуровиќ 59, со дополнувањето и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на идеален дел од недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 3935 за КО Варош, КП бр.5735, викано место/улица Точила и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3597 за КО Свети Николе-вонград, на КП бр.1155, Викано место/улица Длги Рид и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 35

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Надица Чаушевска- Заева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53784, за КО Струмица, КП бр. 2514/1, викано место/улица Б.Минкови, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата мислење во однос на материјалот да достави АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 36

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафировски од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 808/910 идеален дел од КП бр.2958/1, КО Глува Бразда, викано место/улица Железно, со Имотен лист бр.2917 и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 37

Владата ја разгледа Понудата од нотар Димитар Петров од Кочани, за продажба на идеален дел од недвижен имот, КП бр.1197, запишан во Имотен лист бр.957, за КО Полаки, КП бр.1212, запишан во Имотен лист бр.960, за КО Полаки, КП бр.1054, запишан во Имотен лист бр.958, за КО Полаки и КП бр.1065, запишан во Имотен лист бр.959, за КО Полаки, сите на викано место/улица с.Полаки и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и Мислењето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 38

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Татјана Адамоска- Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58580, за КО Прилеп, на КП бр. 20576/1, Викано место/улица М.Пијаде за наредната седница на Владата откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката да достави мислење по Понудата.

## Точка 39

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96083 за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев, КП бр.13525, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски сиситем и тековна економска политика, поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Понудата.

## Точка 40

Владата го разреши Абдуш Демири од должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

## Точка 41

**1.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за финансиски средства за реализација на проектни активности на НУ Музеј на албанската азбука за наредна седница на Владата, поради потребата д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа да одржат работен состанок со цел изнаоѓање соодветно решение за надминување на ова прашање.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 23 ноември 2021 година до 29 ноември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата по Барањето за изменување на заклучок број 1 од точка 122 по Информација за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Национална установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Скопје за реализација на вториот дел проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик-Едиција Про Македонија“, од 92-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2.Даде согласност на Министерството за култура средствата за реализација на проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик-Едиција Про Македонија“, обезбедени во раздел 18010-финансирање на дејностите од обласа на културата, од Програма 10-издавачка дејност, расходна ставка 464-разни трансфери, во целосен износ од 21.601.674 денари да бидат исплатени во 2021 година.“

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 25 ноември 2021 година до 1 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 27 ноември 2021 година до 3 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа Барањето за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација за два воени транспортни воздухоплови на Bulgarian Air Force за 3 декември 2021 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација, во предложениот текст.

**7.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот по точка 12 од Нацрт-записникот од Сто и тринаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2021 година и точка 42 од Нацрт-записникот од Сто и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 октомври 2021 година и го прифати со следните заклучоци:

1) Во Заклучокот по точка 12 од Нацрт-записникот од Сто и тринаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2021 година, точката 1., да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии во најкраток можен рок, независно од изборниот период, да ги преземе потребните активности за набавка на адвокатски услуги за правна помош и поддршка на Република Северна Македонија- Министерство за финансии од страна на адвокатското друштво кое било вклучено во постапката водена по Поднесок бр.1 во рамки на склучениот ДАБ договор, заради обезбедување на правни услуги во постапката по Поднесок бр.2 пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје", а се со цел обезбедување на доследност и континуитет во постапката во рамките на склучениот ДАБ договор.

2) Заклучокот по точка 42 од Нацрт-записникот од Сто и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 октомври 2021 година, со кој се измени заклучокот по точка 12 од Нацрт-записникот од Сто и тринаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија, да се измени и да гласи:

„Согласно ова, се задолжува Министерството за финансии да склучи договор со избраното адвокатско друштво во рамки на расположливите средства во Буџетот на Министерството за финансии.

<u>**Точка 42**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година за период од 1 јуни 2020 до 1 август 2021 година, како материјал за информирање.

<u>**Точка 43**</u>

Владата го разгледа Акцискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата (Сметка за редовно работење), како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2021“, за период од 20 април 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување на проценка/анализа на влијанието на регулативата за заштитата на личните податоци во однос на обработката на личните податоци на субјектите на лични податоци преку видео и аудио запис при превземање на службени дејствија од страна на царинските службеници согласно Законот за Царинската управа и даночните инспектори и даночните контролори согласно Законот за Управата за јавни приходи, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува да се разгледа можноста потребните средства за електрична енергија да се обезбедат во рамки на веќе проектираниот износ на расходи за 2021 година, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 48**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2020 година и ИПАРД Програмата, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со Ревизијата на усогласеност за 2019 година во Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата „Козле“-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката за денационализација на објектите кои се во состав на Споменичката целина Стара скопска чаршија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во рок од 14 дена, до Владата да ја достави целокупната документација што се води по предметот за враќање на поранешното кино „Напредок“ во сопственост на Исламската верска заедница и да информира за дејствијата од негова надлежност кои се преземени за заштита на државниот имот во конкретниот случај, согласно Законот за денационализација и Законот за заштита на културното наследство.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија во рок од 14 дена, за сите предмети за кои веќе е завршена постапката за денационализација на имот кој претставува културно наследство, за кои решенијата станале правосилни, како и за идните, во соработка со Министерството за финансии и Комисијата за денационализација, да изнајдат можно решение за надминување на проблемите со овие објекти, а во насока на зачувување на јавниот интерес и заштитата на културното наследство и за преземените дејствија да ја информира Владата.

**Точка 53**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за тековно работење во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање за финансиска помош, бидејќи истата е надмината со Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, утврдена на Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 декември 2021 година.

**Точка 54**

Владата ја симна од Дневниот ред Информацијата за потреба од итна еднократна финансиска помош за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, поради тоа што истата е надмината со Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, утврдена на седницата, одржана на 4 декември 2021 година.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“-Кратово, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги АТА-Фарм груп увоз-извоз ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги АТА-Фарм груп увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Пјурели плант ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Пјурели плант ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија Еуро канн увоз-извоз ДОО Демир Хисар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информација и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Еуро канн увоз-извоз ДОО Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино за 2021 година за некоја од седниците на Владата што ќе се одржи во јануари 2022 година поради потребата од дополнителни усогласувања, согласно укажувањата изнесени на седницата на Владата од страна на Секретаријатот за законодавство (врзување на истата со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, основот за донесување итн.).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од доделување на станови во објект во Струмица на ул.Ѓорѓи Василев бр.44, изграден согласно Одлука за распределба на социјални станови, услови за нивно користење и критериуми за распределба на социјалните станови изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

-Се задолжува Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија да изврши распределба на нераспределените 26 станови во Струмица на ул.Ѓорѓи Василев бр.44.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година и условно ја донесе Програмата, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за намалување на увозните давачки-царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (на Друштво за производство, трговија и услуги Ринуабл пауер интернатионал ДООЕЛ Скопје), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за издвојување на средства од Ковид програмата за поддршката на компании во имплементација на современи дигитални софтверски решенија, со цел реализирање на заедничка акција на јавниот и приватниот сектор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Барањето на Стопанската комора на Република Северна Македонија, да издвои износ од 18.600.000,00 денари како финансиска поддршка за имплементација на современи дигитални софтверски решенија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го уплати наведениот износ од 18.600.000,00 денари од П1 програмата за финансиска поддршка на субјекти погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот, во најбрз можен рок на наменска трансакциска сметка која за оваа намена ќе се отвори од страна на Стопанската комора на Република Северна Македонија.

3. Се препорачува на Стопанската комора на Република Северна Македонија да формира заедничко тело (комисија) кое ќе биде задолжено за организација на постапката, утврдување на критериуми, огласување, селекција и одлучување во доделувањето на средствата, а ќе биде составено од по еден член од секој партнер (Стопанската комора на Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија).

**Точка 65**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на активностите поврзани со инсталацијата на ставката 27 Оптички кабел (27. Fiber Cable) предмет на Договорот бр.12-6069/1 ,,Набавка на опрема за имплементација на Системот за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работата и модернизација на ИТ инфраструктурата во седиштето на Министерството за внатрешни работи-Лот 1, финансиран во рамките на ИПА, ТАИБ 2014 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори да издадат (парцијален) сертификат за привремено прифаќање на ставка 27- Оптички кабел, најдоцна до 21 декември 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди средства за покривање на трошоците за продолжување на валидноста на лиценците во рамките на Договорот до 19 мај 2022 година, за што треба официјално да го извести Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, како институција корисник да ги преземе сите неопходни мерки за дореализација на ставката 27 и пуштање на истата во употреба, за што треба официјално да го извести Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

## Точка 67

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (на Друштво за производство, трговија и услуги ХЕК Солар МК ДООЕЛ Скопје), во предложениот текст.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување постапка за експропријација на површината што ја зафаќа акумулацијата (водно огледало) на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да отпочне постапка за експропријација на површината што ја зафаќа акумулацијата (водно огледало) на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |